# Упатство за акционерите

## Гласање преку полномошник

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичкои ли правно лоце како свој полномошник на седницата на Собранието

Полнмошното се издава во писмена форма со пополнување на обрасзецот за гласање преку полномошник.

Полнимошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

- За акционерот –пополнето целосно име и презиме , своерачен потпис И ЕМБГ на акционерот.,
- За пономошникот-целосно име и презиме и ЕМБГ за пономошник физичко лице, односно назив,седиште И ЕМБС на пономошник правно лице.

Акционерите треба веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно по писмен пат на следната адреса:

Рудници Бањани АД Скопје

1011 с.Кучевиште Скопје

Со назнака за Собрание на акционери.

Полномошното и известувањето за дадено полномошно мора да бидат заверени на нотар.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошната од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржување на Собранието на акционери. На денот на Собранието мора да носи копија од ова известување.

## Предлагање на нови одлуки

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат одлуки за усвојување по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот.

Во прилог на предлогот акционерот доставува и соодветни сокументи за идентификација : копија од лична карта или пасош и оригинален извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој е наваден бројот на акции кој не е постар од три дена.

## Вклучување на нови точки во дневниот ред

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да предложат дополнување на дневниот ред по писмен пат со барање за вкулчување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка.

Барањето се доставува во писмена форма во оригинал со поплнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот

Во прилог на барањето акционерот доставува и соодветни сокументи за идентификација копија од лична карта или пасош и оригинален извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој е наваден бројот на акции кој не е постар од три дена.